ЕВРОТИНК ЦЕНТАР ЗА ЕВРОПСКИ СТРАТЕГИИ
CENTER FOR EUROPEAN STRATEGIES EUROTHINK
eurothink.mk

НВО ИНФОЦЕНТАР

ТМ ТРАНСПАРЕНТНОСТ МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ

ХЕЛСИНШКИ КОМИТЕТ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

PROformance WATCH II

# ВТОР ПЕРИОДИЧЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА АВМУ И АЕК

## ОКТОМВРИ - ДЕКЕМВРИ 2018

British Embassy
Skopje

Funded by
UK Government

**ВТОР ПЕРИОДИЧЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА АВМУ И АЕК**

**Издавач:**
Евротинк – Центарот за европски стратегии;
НВО Инфоцентар;
Транспарентност Македонија;
Хелсиншки комитет за човековите права на Република Македонија;

**Превод и лектура:**
Абакус

**Ликовно-графичко обликување:**
Евротинк – Центарот за европски стратегии

British Embassy
Skopje

Funded by
UK Government

Овој извештај е подготвен во рамки на проектот „Мониторинг на ефикасноста, ефективноста, транспарентноста и одговорностана регулаторните тела за медиумите – PROformance Watch II“ финансиран од Владата на Обединето Кралство, со поддршка на Британската амбасада Скопје. Мислењата и ставовите наведени во оваа содржина не ги одразуваат секогаш мислењата и ставовите на Британската Влада.

# СОДРЖИНА

**Вовед** ....................................................4
1. **Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (АВМУ)** ................5
1.1. ТРАНСПАРЕНТНОСТ И ОТЧЕТНОСТ ................................5
1.2. ЕФЕКТИВНОСТ И НЕЗАВИСНОСТ ................................9
1.3. ПЕРФОРМАНСИ И ИЗВРШУВАЊЕ ................................13
1.4. ЈАВЕН ИНТЕРЕС ................................14
2. Агенција за електронски комуникации (АЕК) ................................16
2.1. ТРАНСПАРЕНТНОСТ И ОТЧЕТНОСТ ................................16
2.2. ЕФЕКТИВНОСТ И НЕЗАВИСНОСТ ................................20
2.3. ПЕРФОРМАНСИ И ИЗВРШУВАЊЕ ................................21
2.4. ЈАВЕН ИНТЕРЕС ................................27

PROformance
WATCH II

# ВОВЕД

Евротинк - Центарот за европски стратегии, во соработка со НВО Инфоцентар, Транспарентност Македонија и Хелсиншкиот комитет за човекови права на Република Македонија, го спроведува проектот „Мониторинг на ефикасноста, ефективноста, транспарентноста и одговорноста на регулаторните тела за медиуми – Мониторинг на перформансите II“. [1] Проектот започна со реализација на планираните проектни активности во јуни 2018 година и ќе ја следи работата на двете регулаторни тела до 2020 година.
Проектот е поддржан од Британската амбасада во Република Македонија.

Проектниот тим ги набљудува ефикасноста, ефективноста, транспарентноста, одговорноста и заштитата на јавниот интерес на двете регулаторни тела: Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (АВМУ) и Агенцијата за електронски комуникации (АЕК), согласно утврдената методологија, добрите практики и научените лекции од проектот „Мониторинг на перформансите I (2016 - 2018 год.)“. Преку квартални мониторинг извештаи ќе се нотираат перформансите на двете регулаторни тела и ќе се информира јавноста за клучните аспекти од спроведувањето и дизајнот на политиките кои се поврзани со работењето на двете агенции.

„Мониторинг на перформансите I“, поддржан од Британската амбасада во Република Македонија, имаше за цел да ги подобри капацитетите на граѓанското општество за следење на работата на регулаторните тела и преку зголемена јавна контрола да придонесе кон подобрување на перформансите на двете агенции. Регулаторните тела ги зедоа предвид препораките за подобрување на транспарентноста, одговорноста и извршувањето на нивните мандати. Иако целите од првата фаза на проектот се постигнати, потребна е натамошна работа за целосно да се вгради системот на јавна контрола како механизам за подобрување на перформансите на овие две јавни институции. Проектот „Мониторинг на перформансите II“ ќе ги следи постигнувањата од претходната фаза, ќе ги мониторира перформансите на институциите и на разбирлив начин ќе ги презентира и соодветно ќе ја информира јавноста за структурните или за други блокади поврзани со работењето на регулаторите. Кварталните извештаи ќе содржат низа наоди и препораки, со цел да придонесат за аргументирана јавна дебата и надзор во насока на подобрување на работењето на регулаторните тела.

Овој (втор) периодичен извештај се однесува на работата на АВМУ и на АЕК во периодот октомври – декември 2018 година и ја следи методологијата што беше изработена во рамките на „Мониторинг на перформансите I“. Врз основа на „Мониторинг-матрицата за работата на АВМУ и на АЕК“, креирана во консултација со двете регулаторни тела и објавена во јануари 2017 година,[2] овој квартален извештај ги следи и ги зема предвид спецификите и работењето на двете регулаторни тела од аспект на транспарентноста и отчетноста, ефикасноста и независноста, перформансите и заштитата на јавниот интерес.

Дополнително, со цел да се овозможи поедноставна и полесна пристапност на наодите од работењето на овие тела, согласно усвоената методологија, овие мониторинг извештаи се конципирани на начин што нуди поедноставена следливост и интерпретација на наодите во однос на клучните елементи на мониторингот. Со воведувањето на мониторинг-матриците за секоја од идентификуваните четири области, сите граѓани, новинари, експертската јавност и заинтересираните чинители ќе можат, на разбирлив начин, да ги увидат забелешките, проблемите и перформансите на регулаторните тела нотирани од страна на истражувачкиот тим. Следењето на работата на АВМУ и на АЕК е структурирано во посебни мониторинг-матрици, и тоа:

1. Транспарентност и отчетност;
2. Ефективност и независност;
3. Перформанси и извршување; и
4. Јавен интерес.

Матриците, првично, даваат генерална оценка на формалните и на фактичките аспекти од работењето на регулаторите во овој квартал. По области, индикаторите нотираат до која мера работата на регулаторите суштински влијае за подобрување на работењето и зголемување на независноста на двете агенции. Коментарите и препораките содржат упатување на индикаторите за усогласеност, како и постоењето на надворешни влијанија или ризици. Графичкиот приказ на состојбите не ја одразува само моменталната ситуација, туку посочува и на потенцијални ризици поврзани со работата на регулаторите.

[1] Проектот започна со реализација во јуни 2018 год. и заклучно со март 2020 год. ќе ги мониторира АВМУ и АЕК. Тој е поддржан од Британската амбасада во Република Македонија и претставува продолжение на истоимениот проект кој се реализираше во периодот септември 2016 – март 2018 година од страна на истиот проектен конзорциум и донатор.
[2] Види интернет-страницата на Евротинк: http://eurothink.mk/documents/sHGS5RQrpszZA2TfG

# АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ (АВМУ)

## 1. ТРАНСПАРЕНТНОСТ И ОТЧЕТНОСТ

### ГЕНЕРАЛНА ОЦЕНКА

Во последниот, четврти квартал од 2018 година, АВМУ покажува континуитет во нејзиното отчетно и транспарентно работење. Официјалната интернет-страница на Агенцијата редовно се надополнува со документи и други информации поврзани со работата на АВМУ.

Агенцијата ги објави годишниот план за работа, финансискиот и другите планови за 2019 година. Согласно овие документи и во споредба со 2018 година, платите на вработените и надоместоците за членовите на Советот на АВМУ ќе се зголемат за десетина проценти.

Врз основа на нашата препорака од претходниот извештај за продолжување на практиката за редовно објавување на известувања за склучени договори за јавни набавки, АВМУ ги ажурираше и ги објави информациите за договорите склучени во 2018 година.

### ПРОГРАМСКА ТРАНСПАРЕНТНОСТ И ОТЧЕТНОСТ

| | |
|---|---|
| Седници на Советот | Во последните три месеци од 2018 година, Советот на АВМУ одржа вкупно девет (9) седници. Дневните редови, записниците и одлуките редовно и навремено се објавуваат на интернет-страницата.<br>Седниците се јавни и во живо се пренесуваат на јутјуб-каналот на АВМУ. |
| Јавни состаноци | Во овој квартал, АВМУ го одржа четвртиот, последен јавен состанок за 2018 година.[3]<br>Покрај информацијата за спроведените надзори и изречените опомени, АВМУ ја презентираше и ревидираната Директива за аудиовизуелни медиумски услуги на Европската Унија, која стапи во сила на 18 декември 2018 година. Директивата предвидува измени во однос на аудиовизуелните комерцијални комуникации, лимитите за рекламирање, спонзорството, пласирањето производи и телешопингот. Истовремено се засилуваат правилата за почитување на обврската за заштита од насилство и говор на омраза, како и интегритетот и независноста на уредувачката одговорност за програмите и услугите. Директивата препорачува оспособување на граѓаните за критичко размислување. Иако таа е обврзувачка само за државите-членки на ЕУ, Македонија како земја-кандидатка за членство ќе треба да го усогласи домашното законодавство со овој европски документ.<br>На состанокот беа презентирани податоците од истражувањето за родовите прашања и за начинот на прикажување и претставување на мажите и на жените во програмските концепти и содржини во медиумите за 2018 година.<br>АВМУ ги претстави и инфографиците на кои се прикажани резултатите од истражувањата за ставовите на публиката, прикажувањето на ЛГБТИ заедницата во медиумите за 2017 година и застапеноста на програмите за деца. |

3 Четврти јавен состанок на АВМУ, декември 2018 година, достапно на: https://goo.gl/W7m5PT

| | |
|---|---|
| Јавни расправи | Во овој квартал, Агенцијата одржа две јавни расправи. На 16 ноември, АВМУ отвори јавна расправа за текстовите на Нацрт-програмата за работа во 2019 година (заедно со Нацрт-програмата на планирани активности и Нацрт-финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги), Нацрт-годишниот план за вршење административен надзор во 2019 година и Нацрт-годишниот план за вршење програмски надзор во 2019 година. [4]<br><br>На 23 ноември, пак, АВМУ отвори јавна расправа за утврдување на потребата за менување и дополнување на Правилникот за содржината и формата на пријавата за евидентирање во регистарот на оператори кои реемитуваат програмски пакети и на потврдата за регистрација на програмски пакети/сервиси.[5] Агенцијата ги повика сите заинтересирани и засегнати страни да учествуваат во јавната расправа. Сопствени предлози за Правилникот доставија Македонски Телеком, Стопанската интересна заедница на оператори на кабелски мрежи МК НЕТ, Асоцијацијата на кабелски оператори (АКО) и Македонската медиумска асоцијација (ММА).<br><br>Сите материјали поврзани со јавните расправи беа објавени на интернет-страницата на Агенцијата. |
| Годишен план за работа за 2019 година | Во годишниот план за работа на АВМУ [6] за 2019 година, приоритетна активност во првата половина од годината ќе биде мониторинг на медиумското покривање на редовните претседателски избори во Република Македонија.<br>За поголема достапност на програмите до лицата со сетилна попреченост и повисок степен на медиумска писменост, АВМУ најави дека ќе изработи документ за политики на Агенцијата за медиумската писменост и документ за политики за обезбедување достапност до медиумите на лицата со сетилна попреченост. Освен тоа, Агенцијата ќе одржи и средби со радиодифузерите за потребата од саморегулаторен акт за ова прашање.<br>Агенцијата планира да изработи и студија за утврдување на влијанието на новите медиуми врз формирањето на јавното мислење и врз медиумскиот пазар.<br>За да обезбеди поголема транспарентност на сопственичката структура на радиодифузерите, АВМУ планира да ја зголеми видливоста на овие податоци на својата интернет-страница и ќе изработи годишен извештај за медиумската сопственост во 2018 година.<br>АВМУ ги објави и годишните планови за вршење програмски надзор [7] и за вршење административен надзор [8] во 2019 година. |
| Претставки [9] | Во овој период, до Агенцијата биле доставени четири претставки од различни подносители, од кои две се однесуваат на 1ТВ, една на ТВ 24 Вести и една се однесува на реемитување програма од друга држава.<br>На интернет-страницата е објавена содржината на претставките, како и одговорите, дописите и известувањата на Агенцијата. |

4 Јавна расправа, АВМУ, 16 ноември 2018 година, достапно на: https://goo.gl/yM2qDz
5 Јавна расправа, АВМУ, 23 ноември 2018 година, достапно на: https://goo.gl/PLRB5V
6 Годишен план за работа на АВМУ за 2019 година, достапно на: https://goo.gl/EKWyx1
7 Годишен план за вршење програмски надзор во 2019 година, АВМУ, достапен на: https://goo.gl/eJ4ZFn
8 Годишен план за вршење административен надзор во 2019 година, АВМУ, достапен на: https://goo.gl/Daw1Pt
9 Претставки до АВМУ, достапни на: https://goo.gl/1rfE1r

| | |
|---|---|
| Интернет-страници, Фејсбук, Јутјуб, соопштенија и др. | Официјалната интернет-страница на Агенцијата редовно се надополнува со документи и други информации поврзани со нејзината работа. Фејсбук-страницата, исто така, редовно се надополнува, додека на јутјуб-каналот во живо може да се следат седниците на Советот и јавните состаноци.<br>Агенцијата ја администрира и интернет-страницата на Мрежата за медиумска писменост, која содржи бројни информации за тековните активности на Мрежата и на нејзините членки.<br>Во овој период, АВМУ објави 12 соопштенија за јавноста. |
| **ФИНАНСИСКА ТРАНСПАРЕНТНОСТ И ОТЧЕТНОСТ** | |
| Финансиски план и план за јавни набавки во 2019 година | Според финансискиот план[10] за 2019 година, АВМУ планира да оствари за 15% поголеми приходи во споредба со претходната година, односно 135.620.000 денари. Најголемиот дел од средствата ќе пристигнат од државниот буџет, односно 71.500.000 денари. Што се однесува до приходите од дозволи, тие годинава ќе бидат помали заради тоа што се очекува одредени радиодифузери (две телевизии и едно радио) да престанат со работа.<br>Анализата на расходите покажува дека АВМУ планира да потроши 92% од приходите, односно 125.145.352 денари. Ставките за надоместоци на членовите на Советот и за плати на вработените се зголемени за 9%, односно за 10%, соодветно. Според АВМУ, ваквото покачување се должи на растот на просечната плата во државата.<br>Во делот за капитални инвестиции во 2019 година, Агенцијата предвидува набавка на специјализирано возило за снимање на програмските сервиси, во вредност од 3.500.000 денари (оваа ставка се пренесува неколку години наназад). Исто така, АВМУ планира набавка на ИКТ опрема, во вредност од 6.312.120 денари. На крајот на 2018 година беше потпишан договор за набавка на опрема во вредност од 4.212.120 денари.<br>Во овој период, АВМУ го објави годишниот план за јавни набавки во 2019 година.[11] Највисоката ставка во овој план се однесува на времените вработувања. Според Агенцијата, тоа се должи на потребата за времено ангажирање на повеќе лице за потребите на мониторингот на изборното медиумско претставување. Проценетата вредност на договорот изнесува 13,2 милиони денари, без вклучен ДДВ. |
| Ребаланс на буџетот за 2018 година, промени во Правилникот за бруто плати | На 45-та седница,[12] Советот на АВМУ ја усвои измената на Правилникот на Агенцијата за бруто плата и други надоместоци. Во записникот нема информација за какви измени станува збор.<br>На истата седница, преку ребаланс на буџетот за 2018 година, Советот го зголеми износот на трошоците за превоз за 20.000 денари, а надоместоците за членовите на Советот се зголемија за 150.000 денари. |

10 Финансиски план за 2019 година, АВМУ, достапен на https://goo.gl/MmPbCz
11 План за јавни набавки во 2019 година, АВМУ, достапен на: https://goo.gl/7vE7nE
12 Седница на Советот на АВМУ, достапна на: https://goo.gl/b2cKi4

| | |
|---|---|
| Јавни набавки и склучени договори за услуги | Според Електронскиот систем за јавни набавки, од почетокот на октомври до крајот на декември АВМУ склучила пет договори,[13] и тоа за: услуги за преведување; гориво за потребите на Агенцијата; одржување и сервисирање на службените возила; печатарски услуги; и ситен потрошен материјал.<br>Тендерот за одржување на ИКТ системот на Агенцијата два пати беше поништен, а поништена е и постапката за набавка и монтирање автомобилски гуми и дополнителна опрема за службените возила.[14]<br>Информациите за сите јавни набавки се достапни на интернет-страницата на АВМУ. Она што треба да се истакне е фактот дека АВМУ, веднаш по нашата препорака да продолжи со редовно објавување на известувањата за склучените договори, ги ажурираше и ги објави информациите за договорите склучени во 2018 година.[15]<br>Советот на АВМУ донесе одлука за склучување договор за адвокатски услуги во 2019 година со истата адвокатска куќа. Според записникот, Директорот на АВМУ е задоволен од соработка со адвокатската канцеларија и предложил потпишување на нов договор. Вкупната вредност на договорот за адвокатски услуги е 300.000 денари на годишно ниво, без вклучен ДДВ. Според Законот за јавни набавки, ваквите услуги не се предмет на спроведување јавна постапка. |
| Финансиски извештај за трошоците на директорот | АВМУ го објави третиот извештај за трошоците на директорот, Зоран Трајчевски, за периодот јуни - декември 2018 година, кој е во согласност со заложбите за отворено и транспарентно работење и иницијативата на Владата на РМ за отчетност на трошоците на носителите на јавни функции.[16]<br>Трајчевски за патни трошоци, репрезентација и телефонски сметки потрошил 294.742 денари. Споредено со трошоците прикажани за првата половина од годината, оваа сума е поголема за 71.215 денари. Најголемиот дел од трошоците, односно 65,6% се однесуваат на авионски билети и хотелско сместување во странство. |

## КОМЕНТАРИ/ПРЕПОРАКИ

- Во 2019 година АВМУ планира да обезбеди поголема транспарентност на сопственичката структура на радиодифузерите. Истовремено Агенцијата планира да ја зголеми видливоста на овие податоци и да изработи годишен извештај за медиумската сопственост во 2018 година. АВМУ, како регулаторно тело, треба постојано и проактивно да ја следи сопственичката структура на медиумите, да спречува медиумска концентрација, да го поттикнува медиумскиот плурализам и, секако, на јавноста во континуитет да ѝ обезбедува сеопфатни, релевантни и лесно достапни информации кои се однесуваат на овој исклучително важен сегмент од медиумската сфера.
- Во овој квартал, по наша препорака Агенцијата ги објави сите известувања за договори за јавни набавки склучени во 2018 година. Препорачуваме Агенцијата да продолжи со тековно објавување на информациите за склучени договори.
- Неколку години по ред, вклучително и за 2019 година, Агенцијата предвидува средства за набавка на специјално возило за снимање на програмските сервиси. Нема информации зошто вакво возило сѐ уште не е набавено.

13 Јавни набавки, АВМУ, достапни на: https://goo.gl/qWF1cT
14 Поништени постапки, АВМУ, достапни на: https://goo.gl/aHEaz3
15 Известување за склучени договори, АВМУ, достапни на: https://goo.gl/euFC9q
16 Извештај за трошоците на директорот на АВМУ, 2018, достапен на: https://goo.gl/Cb1CFT

# 2. ЕФЕКТИВНОСТ И НЕЗАВИСНОСТ

## ГЕНЕРАЛНА ОЦЕНКА

АВМУ ги реализираше сите предвидени редовни програмски и административни надзори, како и низа други активности кои произлегуваат од нејзиниот мандат како регулаторно тело.

Во овој период беа усвоени измените на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Агенцијата смета дека ќе се соочи со низа проблеми при спроведувањето и дека токму затоа е потребно да се направат нови законски измени кои ќе овозможат непречена реализација на надлежностите на регулаторот.

Советот на АВМУ, во предвечерјето на донесувањето на законските измени, одлучи да распише конкурс за избор на заменик директор на АВМУ. Останува нејасно зошто Советот на АВМУ се реши на овој чекор токму сега.

АВМУ, со повеќемесечно задоцнување, ја објави и ја стави на јавна расправа работната верзија на петгодишната регулаторна стратегија за развој на аудио и аудиовизуелната дејност.

Во овој период, Агенцијата предупреди на можен клиентелизам на еден медиум кон власта. Ваквата реакција, во насока на заштита на интегритетот на медиумите, е новитет за АВМУ бидејќи во изминатите години, и покрај бројните примери на директна спрега меѓу поранешната власт и медиумските сопственици (на национално и локално ниво) и директното мешање во уредувачката политика на медиумите, Агенцијата никогаш не алармираше и не реагираше на ваквите појави, кои негативно влијаеја врз слободата, независноста и професионалноста на медиумите и на новинарите.

## ПОЛИТИКИ, СТРАТЕГИИ И РЕГУЛАТИВА

| | |
|---|---|
| Усвоени измени и дополнувања на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗААМУ) | На 28 декември, после 10 месеци од поднесувањето, Собранието на РМ со двотретинско мнозинство ги донесе измените и дополнувањата на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.[17] Усвоените измени беа објавени во последниот број на Службениот весник на РМ за 2018 година.<br>Агенцијата смета дека при спроведувањето на законските измени ќе се соочи со низа проблеми и дека токму затоа е потребно да се направат нови законски измени кои ќе овозможат непречена реализација на надлежностите на регулаторот. Своите забелешки АВМУ ги достави до Собранието, Владата, ОБСЕ, Делегацијата на ЕУ, Амбасадата на САД и неколку други дипломатски претставништва. |
| Избор на заменик директор на АВМУ | Во последниот квартал од 2018 година, Советот на АВМУ одлучи да објави јавен конкурс за избор на заменик директор на Агенцијата.[18] Според предлагачите, заменик директорот треба да се избере бидејќи тој ќе обезбеди ефикасна транзиција при изборот на новите раководни структури на Агенцијата. Одлуката за огласот беше објавена непосредно пред да бидат усвоени измените на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги со кои се предвидува укинување на оваа функција.<br><br>Останува нејасно зошто Советот на АВМУ поддржа ваква иницијатива непосредно пред усвојувањето на законските измени. Оваа постапка дополнително зачудува затоа што изборот на заменик директор воопшто не беше покренато како прашање во изминатите четири години, односно од моментот кога пропадна првиот конкурс распишан во 2014 година. |

17 Седница на Собранието на РМ; 28.12.2018, достапна на: https://goo.gl/R2c2Z5
18 Јавен конкурс за избор на заменик директор на Агенцијата, достапен на: https://goo.gl/gZFi3k

| | |
|---|---|
| Регулаторна стратегија за развој на аудио и аудиовизуелната дејност 2019-2023 (работна верзија) | Во овој квартал, со задоцнување од неколку месеци АВМУ ја презентираше работната верзија на новата регулаторна стратегија за развој на аудио и аудиовизуелната дејност за периодот 2019 - 2023 година.[19] АВМУ го стави овој документ на јавна расправа, која продолжи во текот на јануари 2019 година.<br><br>За разлика од претходните две стратегии кои се однесуваа на аудио и аудиовизуелната дејност во целина и опфаќаа повеќе носители, односно одговорни субјекти, овој документ се однесува исклучиво на АВМУ и во него се утврдени единствено насоките за дејствување на регулаторот и активностите што тој ќе ги преземе во следните пет години за поттикнување на развојот на медиумската сфера во државата.<br><br>Според АВМУ, за да се обезбеди целосна реализација на стратешки документ кој ќе се однесува на аудио и аудиовизуелната дејност во целина, односно за да се обезбеди гаранција дека секој субјект ќе ги реализира преземените обврски, тој мора да биде донесен од надлежното министерство и усвоен во Собранието. Бидејќи засега ваква иницијатива не постои, а искуството со претходните стратегии покажало дека повеќето одговорни субјекти не ги исполнуваат своите задачи во насока на реализација на стратешките цели, овој пат АВМУ одлучила да подготви стратегија која ќе го опфати единствено регулаторното тело.<br><br>Основните цели на овој стратешки документ се:<br>- поттикнување разновидност на програмските содржини;<br>- заштита и негување на културниот идентитет и на културната и јазичната разновидност во програмите;<br>- поттикнување плурализам на политичките гледишта во медиумите и независност на медиумите од политички влијанија;<br>- подобрување на функционирањето на системите на саморегулација и корегулација;<br>- заштита на човековите права и слободи во медиумските содржини;<br>- поттикнување развој на пазарот и конкуренција;<br>- обезбедување регулаторна рамка која овозможува развој на медиумите;<br>- натамошен развој на медиумската писменост. |
| Упатство за исполнување на обврските за импресум и информации достапни за корисниците | Агенцијата го донесе Упатството за исполнување на обврските за импресум и информации достапни за корисниците.[20] Во Упатството е утврден начинот на кој треба да постапуваат радиодифузерите во поглед на обврските кои произлегуваат од Законот за медиуми и од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. |

19 Нацрт-стратегија за развој на аудио и аудиовизуелната дејност, АВМУ, достапна на: https://goo.gl/UuYvz8
20 Упатство за исполнување на обврските за импресум и информации достапни за корисниците, достапно на: https://goo.gl/rK63by

| РЕАЛИЗАЦИЈА НА АКТИВНОСТИ | |
|---|---|
| Реакција за можна појава на клиентелизам | На 17 декември, АВМУ објави дека направила проверка на почитувањето на законските одредби за сопственичка структура и медиумска концентрација и дека констатирала ситуација која би можела да доведе до појава на клиентелистички однос на медиум кон власта.<br>Според АВМУ, сопственикот на регионалната Телевизија 3, едновремено е и сопственик на „Авто испитен центар“, кој добил тендер од МВР за спроведување возачки испити на територијата на Скопје.<br>Агенцијата констатираше дека паралелната сопственост, самата по себе, не е во колизија со Законот, но остава можност власта да влијае врз уредувачката политика на телевизијата и со тоа да ја наруши нејзината уредувачка независност.<br>На доставеното прашање преку инструментот за пристап до информации од јавен карактер за тоа дали АВМУ од донесувањето на ЗААМУ во 2014 година до денес ја има искористено можноста да предупреди за можни појави на клиентелизам добивме одговор дека случајот со Телевизија 3 е прв и единствен пат кога Агенцијата реагирала за опасноста од клиентелизам. |
| Втор мониторинг извештај за медиумското претставување за време на референдумот | На почетокот на овој квартал, АВМУ го објави вториот извештај [21] од мониторингот на медиумите за време на референдумот за Договорот со Грција. Кај голем број медиуми била забележана поголема застапеност на ставовите „за“ на референдумот, додека во ниту еден медиум немало прилози со ставот „против“, бидејќи отсуствувала агитација за оваа опција. АВМУ објави и преглед [22] на минутите одвоени за јавна пропаганда за референдумот. |
| Надзори, контроли, дозволи и други активности | Во мониторираниот период, АВМУ ги спроведе сите предвидени редовни програмски и административни надзори врз радиодифузерите, како и надзори врз печатените медиуми, кабелските оператори и давателите на услуги. Истовремено, Агенцијата спроведе еден вонреден надзор во 1ТВ, по добиена претставка, како и еден вонреден надзор во ТВ Орбис, по службена должност.<br>АВМУ изрече 11 опомени на радиодифузерите, 3 опомени на издавачите на печатени медиуми и една опомена на кабелски оператор.<br>Покрај другите активности, во последниот квартал на 2018 година АВМУ ѝ ја одзеде дозволата за телевизиско емитување на РТВ Орбис од Битола (во стечај), додели една дозвола за непрофитно радио на локално ниво, наменето за христијанското население во општина Струмица, и донесе одлука за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за радио емитување со забавна функција на албански и на македонски јазик, на државно ниво.<br>АВМУ, исто така, издаде 60 потврди за регистрација на програмски пакети и достави допис до МВР заради сомневање за направена повреда на авторското право и сродните права од оператор на јавна електронска комуникациска мрежа. |

21 Втор извештај за од мониторингот на медиумското известување за време на референдумот, АВМУ, достапен на: https://goo.gl/Wmt8Gt
22 Преглед на минути одвоени за јавна пропаганда за референдумот, достапен на: https://goo.gl/tLRNj9

| | |
|---|---|
| Студии | Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги изготви Студија за утврдување на состојбите на регионалниот и локалниот телевизиски пазар.[23] Делови од студијата се инкорпорирани во работната верзија на Регулаторната стратегија за развојот на аудио и аудиовизуелната дејност за периодот 2019 - 2023 година.<br>АВМУ ги објави и податоците[24] за досегот на радиостаниците и за уделот во вкупната гледаност на ТВ станиците во третиот квартал од 2018 година. Испитаниците во анкетата се изјасниле дека најмногу гледаат вести. |
| Барање за одговорност на директорот на АВМУ | На 46-тата седница на Советот на АВМУ, членовите дебатираа за иницијативата на ТВ 24 доставена до Државниот управен инспекторат, Комисијата за заштита на конкуренцијата и Комисијата за заштита од дискриминација со која се тврди дека начинот на кој е формиран Комитетот за мерење на гледаноста и договорот со компанијата AGB Nielsen не е во согласност со ЗААМУ. Советот едногласно го одби барањето за поведување постапка за утврдување одговорност на директорот на АВМУ поради непочитување на Упатството за начинот на мерење на гледаноста и слушаноста на програмите.[25] |
| Меѓународна соработка | Во овој период, АВМУ реализираше низа меѓународни активности.<br>Претставници на Агенцијата учествуваа на 48-от состанок на Европската платформа на регулаторни тела (ЕПРА) во Братислава; на 13-от состанок на Поткомитетот за правда и внатрешни работи меѓу Република Македонија и Европската Унија, во рамки на Комитетот за стабилизација и асоцијација, во Брисел; на 10-ти пленарен состанок на ЕРГА, во Брисел, Кралството Белгија; како и на единаесетта конференција „Денови на електронските медиуми“ во Република Хрватска.<br>Беа одржани билатерални средби со Советот за електронски медиуми на Република Бугарија (СЕМ), Регулаторната агенција за комуникации на БиХ и Регулаторното тело за електронски медиуми на Република Србија, како и работен состанок со амбасадорот на Република Бугарија во Македонија. |

## КОМЕНТАРИ/ПРЕПОРАКИ

- Усвојувањето на измените на ЗААМУ ги „одмрзна“ реформските процеси во медиумската сфера. Во пресрет на претстојните промени, Агенцијата се соочува со одредени тешкотии при реализација на дел од своите надлежности и токму затоа побара од надлежните институции дополнителни измени кои ќе ги коригираат направените пропусти. Останува да се почека реакцијата на законодавната и извршната власт на предлозите од регулаторот. Истовремено, сегашниот состав на АВМУ и на Советот треба да обезбеди услови за непречен тек на претстојните промени во структурата и начинот на работење на регулаторното тело.
- Имајќи ја предвид судбината на претходните стратегии, АВМУ наместо стратегија за развој на аудио и аудио-визуелната дејност во целина се определи да изготви петгодишен стратешки документ за развој кој ќе се однесува исклучиво на регулаторот. Ваквиот потег на АВМУ е логичен, иако и натаму останува потребата од сеопфатна медиумска стратегија. АВМУ, како регулаторно тело, може да го поттикне овој комплексен и значаен процес, во кој треба да се вклучат сите засегнати страни и кој треба да биде реализиран и координиран од надлежното министерство.
- Предупредувањето на АВМУ за можен клиентелизам на медиум кон власта е прво од ваков вид досега. Овој случај покажува дека Агенцијата, во минатото, иако можела сепак не реагирала и не укажувала на случаите на спрега меѓу власта и медиумите, како и на притисоците на власта врз слободата, независноста и интегритетот на медиумите и на новинарите. Овој случај покажува и дека АВМУ треба да функционира како независно регулаторно тело кое постојано и неселективно ќе ги следи состојбите во медиумската сфера, ќе укажува на девијациите и ќе предлага соодветни политики и механизми за поттикнување и заштита на независноста на медиумите од политички влијанија.

23 Студија „Регионални и локални телевизии во Република Македонија“, АВМУ, достапна на: https://goo.gl/rm4MpC
24 Досегот на радиостаниците и уделот во вкупната гледаност на телевизиските станици во третиот квартал во 2018 година, достапно на: https://goo.gl/GCPFf6
25 Записник од 46-та седница на Советот на АВМУ, достапен на: https://goo.gl/U9Pn2j

# 3. ПЕРФОРМАНСИ И ИЗВРШУВАЊЕ

## ГЕНЕРАЛНА ОЦЕНКА

Агенцијата има солидно ниво на човечки и финансиски капацитети, а своето работење го базира на стандардите од системите за управување со квалитет.
За да го подобри своето финансиско работење, во 2019 година АВМУ планира да спроведе три внатрешни ревизии фокусирани на јавните набавки и на управувањето со ризици.

## ЧОВЕЧКИ КАПАЦИТЕТИ

| | |
|---|---|
| Вработени | Агенцијата располага со стручен и компетентен тим, како во програмскиот, така и во финансиско-административниот дел од работењето.<br>Според информациите од Агенцијата, раководството во континуитет настојува да обезбеди соодветни услови и мотивација за дополнителен развој и унапредување на вработените. Најчесто станува збор за специјализирани обуки, стручни патувања и учество на различни меѓународни конференции и други настани. |

## ФИНАНСИСКИ КАПАЦИТЕТИ

| | |
|---|---|
| Внатрешни ревизии | Во текот на 2019 година, АВМУ планира да спроведе три внатрешни ревизии: ревизија врз управувањето со ризици; ревизија на процесот за јавни набавки и спроведување на договорите за јавни набавки; и таканаречена „follow-up“ ревизија (следење на спроведувањето на препораките).<br>Основната цел на ревизиите е да се подобри финансиското работење на Агенцијата и да се зголеми ефективноста на препораките дадени од страна на внатрешната ревизија. |

## КОМЕНТАРИ/ПРЕПОРАКИ

- Иако АВМУ во континуитет настојува да ги надградува знаењата и вештините на вработените, препорачуваме плановите за развој и мотивација на човечките капацитети на Агенцијата да бидат подетално разработени и да бидат вградени во годишните планови за работа.

# 4. ЈАВЕН ИНТЕРЕС

## ГЕНЕРАЛНА ОЦЕНКА

И во овој период АВМУ остана отворена за соработка и заедничко дејствување со граѓанските организации и медиумите на полето на медиумската писменост и социјалната инклузија.

Од аспект на социјалната инклузија и медиумската писменост, во 2019 година, меѓу другото, Агенцијата планира да подготви два документи за политики поврзани со медиумската писменост и со обезбедувањето достапност до медиумите за лицата со сетилна попреченост. Исто така, АВМУ планира да биде активна на полето на слободата на изразување и слободата на медиумите.

## СОЗДАВАЊЕ ПОВОЛНА КЛИМА ВО СЕКТОРОТ

| | |
|---|---|
| Социјална инклузија и медиумска писменост | АВМУ одржа работен состанок со претставници на националните ТВ сервиси, на кој се разгледуваа начините и можностите како радиодифузерите да ги приспособат своите програми за лицата со сетилна попреченост, како и придобивките што телевизиите може да ги добијат од ваквиот процес.[26]<br>Агенцијата и во 2019 година планира да продолжи со активностите за развој на медиумската писменост и ќе ги поттикнува радиодифузерите да преземат активности со цел своите програми постепено да ги направат достапни за лицата со сетилна попреченост.<br>На крајот од 2018 година истече важноста на Програмата за обезбедување достапност до медиумите за лицата со сетилна попреченост (2016 - 2018) и на Програмата за поттикнување медиумска писменост во Република Македонија (2016 - 2018). Според АВМУ, искуствата од спроведувањето на овие два документи, како и искуствата од другите европски држави, покажуваат дека наместо планови со ограничен период на траење посоодветно е да се изготват документи за политики. Затоа, Агенцијата планира дел од активностите во 2019 година да ги посвети токму на овие прашања.<br>Во исто време, АВМУ ќе ги поттикнува радиодифузерите, преку саморегулаторен акт, да ги направат своите програми достапни за лицата со сетилна попреченост.<br>АВМУ ќе продолжи и со активностите за подигнување на свеста кај јавноста за важноста на медиумската писменост, вклучително и со поддршка за функционирањето на Мрежата за медиумска писменост. |
| Слобода на изразување и слобода на медиуми | На четвртиот јавен состанок, Агенцијата ги презентираше резултатите од истражувањето за родовите прашања и за начинот на прикажување и претставување на мажите и на жените во програмските концепти и содржини во медиумите за 2018 година.[27]<br>На овој јавен состанок, АВМУ ги претстави и инфографиците со резултатите од истражувањата за ставовите на публиката, прикажувањето на ЛГБТИ заедницата во медиумите за 2017 година[28] и застапеноста на програмите за деца.[29]<br>Во контекст на јакнење на слободата на изразување и слободата на медиумите, во 2019 година Агенцијата планира настани и работилници поврзани со професионалните стандарди, редакциската култура и јакнењето на независноста на уредувачката политика, а ќе ја изготви и годишната анализа на родовите прашања и начинот на прикажување и претставување на жените и на мажите во програмите на радиодифузерите во 2019 година. |

26 Средба со национални ТВ сервиси, АВМУ, достапна на: https://goo.gl/sUFVrM
27 Родот на телевизија, АВМУ, достапен на: https://goo.gl/shUr9k
28 Инфографик за сексуалната ориентација и медиумите, АВМУ, достапен на: https://goo.gl/3NLVRE
29 Инфографик за застапеноста на програмите за деца на националните телевизии, АВМУ, достапен на: https://goo.gl/DZgZDT

| | |
|---|---|
| Средби со студенти | Во последниот квартал од годината, АВМУ ја посетија студенти од Катедрата за новинарство и односи со јавноста при Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје,[30] како и студенти од Факултетот за правни студии и новинарство при Државниот универзитет во Тетово.[31] |

## КОМЕНТАРИ/ПРЕПОРАКИ

– Подготвеноста на АВМУ, во 2019 година, да игра активна улога на креатор на политики и активности во сферата на социјалната инклузија во медиумските содржини и медиумската писменост, како и поттикнувач на радиодифузерите своите програми да ги направат подостапни за лицата со попреченост, е од особена важност. Уште повеќе што во овие процеси Агенцијата планира да ги вклучи сите засегнати страни: радиодифузерите, граѓанските организации, надлежните институции и др.

30 Средба со студенти од Правниот факултет „Јустинијан Први“, АВМУ, достапна на: https://goo.gl/45YmCv
31 Средба со студенти од ДУТ, АВМУ, достапна на: https://goo.gl/exZihj

# АГЕНЦИЈА ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ (АЕК)

## 1. ТРАНСПАРЕНТНОСТ И ОТЧЕТНОСТ

### ГЕНЕРАЛНА ОЦЕНКА

Во четвртиот квартал од 2018 година не се нотираат значајни промени во однос на транспарентноста на АЕК. Транспарентноста и отчетноста се обезбедени во голем дел, но како што беше забележано и во претходните извештаи, постои простор за значајно подобрување во поглед на објавувањето на информации и управувањето со постојните комуникациски алатки. Информациите на трите интернет-страници и на социјалните мрежи редовно се ажурираат, но како што беше нотирано и претходно, отсуствува стратешки пристап во комуникацијата на АЕК, односно продолжува конфузијата на јавноста со двата профила на регулаторот на Фејсбук и Јутјуб. Генералните стандарди се обезбедени преку правилата, процедурите и другите внатрешни документи на регулаторот, но практиката на техничка и содржинска базичност и квалитет на дел од достапните документи влијае врз транспарентноста на регулаторот и ја потврдува потребата и можноста за идно унапредување.

### ПРОГРАМСКА ТРАНСПАРЕНТНОСТ И ОТЧЕТНОСТ

| | |
|---|---|
| Состаноци на Комисијата на АЕК | Во овој квартал, Комисијата на АЕК одржа четири состаноци, и тоа: на 30 октомври,[32] 20 ноември,[33] 6 [34] и 19 декември 2018 година.[35] Воедно, записникот од 11-от состанок на Комисијата одржан на 28 септември 2018 беше објавен на почетокот од овој квартал (5 октомври).[36] Како што беше наведено и во претходните извештаи, состаноците се од затворен карактер и единствен начин за информирање на јавноста се соопштенијата и записниците кои задолжително треба да се објавуваат на интернет-страницата на Агенцијата во рок од седум дена од денот на одржувањето на состанокот. За поздравување е тоа што записниците од четирите состаноци беа објавени во законскиот рок. Што се однесува до сеопфатноста на информациите, во записниците нема подобрување во споредба со претходните квартали. Записниците површно го опишуваат текот на состаноците и освен основните информации тие не вклучуваат детали за содржината на дискусиите. Нотиран е позитивен исклучок во однос на записникот од 11-от состанок, кој согласно препораките од претходните квартали е поопширен и детално ја известува јавноста за одлуките на регулаторот. Записникот од 14-от состанок на Комисијата на АЕК, пак, има само половина страница, на која во просек се посветени само два реда за секоја од трите точки на дневниот ред. Токму на овој состанок членовите на Комисијата ги разгледувале пристигнатите коментари од операторите, како и одговорите на стручните служби на Агенцијата. За нив се дискутирало и биле усвоени низа забелешки, кои потоа се внесени во Програмата за работа на АЕК. Објавените кратки и општи записници не ја задоволуваат нивната основна функција, односно не содржат доволно информации за јавноста. |

32 Записник од состанок бр.12 на Комисијата на АЕК за 2018 година, достапен на: https://goo.gl/xvzFCV
33 Записник од состанок бр.13 на Комисијата на АЕК за 2018 година, достапен на: https://goo.gl/eVJVk4
34 Записник од состанок бр.14 на Комисијата на АЕК за 2018 година, достапен на: https://goo.gl/LHEoK7
35 Записник од состанок бр.15 на Комисијата на АЕК за 2018 година, достапен на: https://goo.gl/VA4B4L
36 Записник од состанок бр.11 на Комисијата на АЕК за 2018 година, достапен на: https://goo.gl/r7crWM

| | |
|---|---|
| Јавни состаноци | На 18 декември, АЕК го одржа вториот јавен состанок за 2018 година, со што целосно ја исполни законската обврска да организира најмалку два јавни состаноци во текот на една година.[37] Темите на кои се разговараше на состанокот беа:<br>- учеството на АЕК во изработката на Национален оперативен бродбенд план;<br>- степен на имплементација на системот за мерење на параметрите за квалитет во фиксни мрежи;<br>- заштита на правата на крајните корисници при обезбедување пристап до услугите со додадена вредност;<br>- терминација на меѓународни повици (пракса во ЕУ и во земјите од Западен Балкан);<br>- иницијативи за намалување на цените за роаминг услугите во Западен Балкан.<br>На интернет-страницата на АЕК навремено беа поставени поканата, агендата и пријавата за учество,[38] со што се остави доволно простор секоја заинтересирана страна да се пријави и да учествува на состанокот. Сепак, на интернет страницата на АЕК не можат да се најдат информации за текот и дискусиите на состанокот, како и презентациите и останатите работни материјали. Препорачуваме регулаторот да ги задржи добрите практики од минатите јавни состаноци, по кои редовно беа објавувани сите работни материјали. |
| Јавни расправи | Во овој квартал, АЕК отвори три јавни расправи и тоа за:<br>- Предлог-годишната програма за работата на АЕК за 2019 година;[39]<br>- Правилникот за контрола и мерење на параметрите за квалитет на услугата за интернет пристап преку јавни фиксни електронски комуникациски мрежи;[40]<br>- Нацрт-извештајот за развој на модел за тестови за економска репликабилност и пресметка на WACC и Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за обезбедување на битстрим пристап и препродажба на битстрим услуга.[41]<br>АЕК одржа и јавни состаноци за Предлог-годишната програма и финансискиот план за работа на АЕК за 2019 година,[42] како и за Предлог-правилникот за контрола и мерење на параметрите за квалитет на услугата за интернет пристап преку јавни фиксни електронски комуникациски мрежи.[43]<br>Сите потребни документи за јавните расправи и состаноците беа навремено поставени на интернет- страницата на АЕК. |
| Интернет-страница, Фејсбук, Јутјуб, соопштенија и др. | Интернет-страниците и профилите на социјалните медиуми се основен индикатор за транспарентноста и отчетноста на регулаторот.<br>На главната интернет-страница[44] навремено се објавуваат документи и други содржини поврзани со работата на АЕК. Сепак, некои наши забелешки од претходните извештаи не се земени предвид и пропустите не се коригирани. Еден проблем кој постојано се провлекува е тоа што повеќето документи, како на пример Годишниот план за работа, на интернет-страницата се објавуваат во скенирана верзија, не можат лесно да се пребаруваат и се тешки за анализирање. Наш предлог е овие документи да се објавуваат во текстуална, а не во скенирана верзија. |

37 Обврска предвидена согласно член 13, став (4) од Законот за електронски комуникации, „Службен весник на РМ“ бр. 39/2014188/2014, 44/2015, 193/2015, 11/2018 и 21/2018.
38 Информации за вториот јавен состанок на Агенцијата за електронски комуникации за 2018 година, достапно на: https://goo.gl/3EEC6m
39 Јавна расправа, АЕК, достапно на: https://bit.ly/2smnoMX
40 Јавна расправа, АЕК, достапна на: https://bit.ly/2VLiJl2
41 Јавна расправа, АЕК, достапна на: https://bit.ly/2FqSCKr
42 Состанок по јавна расправа за Предлог-годишната програма за работа на Агенцијата за електронски комуникации за 2019 година и за Предлог-финансискиот план на Агенцијата за електронски комуникации за 2019 година, достапен на: https://goo.gl/xWkYgQ
43 Јавен состанок по Правилник за контрола и мерење на параметрите за квалитет на услугата за интернет пристап преку јавни фиксни електронски комуникациски мрежи, достапен на: https://goo.gl/Eg8VkD
44 Интернет-страница на АЕК: http://www.aek.mk

| | |
|---|---|
| Интернет-страници, Фејсбук, Јутјуб, соопштенија и др. | Во текот на овој квартал, на другите две интернет-страници (e-agencija.aek.mk[45] и komuniciraj.mk)[46] не беа регистрирани некои повидливи промени, освен стандардните содржини кои редовно се ажурираат. Во периодот од октомври до крајот на декември 2018 година, Агенцијата не беше многу активна на социјалните медиуми. Немаше ниту една објава на двата јутјуб-канали[47] и на нејзиниот профил на Твитер,[48] а на Фејсбук-страницата „Agencija za elektronski komunikacii“[49] имаше само четири (4) објави.<br>Во последниот квартал од 2018 година, на интернет-страницата на АЕК беа објавени две соопштенија. Првото соопштение беше објавено на 12 декември 2018 година и се однесуваше на информација дека во текот на месец декември ќе се одржат два испити за аматерски радио-оператори, додека второто беше објавено на 19 декември 2018 година и ја соопшти намерата на телото за спроведување на тендерска постапка со јавно наддавање за доделување на радиофреквенцискиот опсег 1965-1980/2155-2170 MHz.<br>Во однос на посетеноста на трите интернет-страници во периодот октомври–декември 2018 година, најголема посетеност е забележана на главната интернет-страница на АЕК (aek.mk) со вкупен број од 9.581 посети, по што следуваат e-agencija.aek.mk со 4.707 и komuniciraj.mk со 995 посети.<br>Во Годишната програма за работата на АЕК за 2019 година, како дел од активностите е вклучена и надградба на интернет-страниците и мобилните апликации на АЕК, како и редовно одржување за достапност и објава на информации.[50] |
| **ФИНАНСИСКА ТРАНСПАРЕНТНОСТ И ОТЧЕТНОСТ** | |
| Јавни набавки | Според Електронскиот систем за јавни набавки, од октомври до крајот на декември АЕК склучила договори за 11 тендери, и тоа за: набавка на систем за процена на ранливост;[51] канцелариски материјал;[52] тековно и инвестиционо одржување на објектите, градежни и градежно занаетчиски работи и одржување на опрема и електрични апарати;[53] здравствени прегледи на вработените во АЕК;[54] набавка на информатичка опрема (серверска и мрежна опрема и систем за заштита на податоците на АЕК, т.е. disaster recovery);[55] обуки за потребите на Националниот центар за одговор на компјутерски инциденти MKD-CIRT;[56] ревизија на финансиското работење на АЕК и на Компензацискиот фонд за универзална услуга за 2018 година;[57] набавка на лиценцирани софтвери (за антивирус и антиспам заштита);[58] адаптивна надградба на системот за мерење на параметрите за квалитет на интернет пристап во фиксна мрежа;[59] услуги за обезбедување имот и лица;[60] и набавка за поправка и сервисирање на моторни возила.[61] Од јавно достапните информации за овие јавни набавки може да се забележи дека на интернет-страницата на АЕК се достапни само називите на набавките, но недостасуваат известувања за склучените договори и договорите за јавните набавки. |

45 Интернет страница на АЕК: https://e-agencija.aek.mk
46 Интернет страница на АЕК: https://komuniciraj.mk
47 Јутјуб-канали на АЕК: https://www.youtube.com/user/aecmkd/videos и https://www.youtube.com/channel/UCH5h_AIZADe-qUFT1ynkTqA
48 Твитер профил на АЕК: https://twitter.com/aecmk
49 Фејсбук профил на АЕК: https://www.facebook.com/aecmk/?ref=br_rs
50 Годишна програма за работа на АЕК за 2019 година, достапна на: http://www.aek.mk/index.php?option=com_k2&view=item&id=2454:godisen-finansiski-plan-2019&Itemid=479&lang=mk
51 Јавни набавки, АЕК, достапни на: https://e-nabavki.gov.mk/PublicAccess/home.aspx#/dossie-acpp/2dd447a3-4bd5-4464-b11f-9a6f8e513462
52 Јавни набавки, АЕК, достапни на: https://e-nabavki.gov.mk/PublicAccess/home.aspx#/contracts
53 Јавни набавки, АЕК, достапни на: https://e-nabavki.gov.mk/PublicAccess/home.aspx#/dossie-acpp/8d796e40-f0f9-4388-a6dc-e7389f4665e9
54 Јавни набавки, АЕК, достапни на: https://e-nabavki.gov.mk/PublicAccess/home.aspx#/dossie-acpp/5065139f-80d2-4d9f-b4b7-d2dd8c4efe28
55 Јавни набавки, АЕК, достапни на: https://e-nabavki.gov.mk/PublicAccess/home.aspx#/dossie-acpp/6bcfbca2-9430-4dbf-afd5-397fcd73ce4c
56 Јавни набавки, АЕК, достапни на: https://e-nabavki.gov.mk/PublicAccess/home.aspx#/dossie-acpp/ca3ed7bf-e4b4-45d1-881d-c97904a1af2c
57 Јавни набавки ,АЕК, достапни на: https://e-nabavki.gov.mk/PublicAccess/home.aspx#/contracts
58 Јавни набавки ,АЕК, достапни на: https://e-nabavki.gov.mk/PublicAccess/home.aspx#/contracts
59 Јавни набавки ,АЕК, достапни на: https://e-nabavki.gov.mk/PublicAccess/home.aspx#/dossie-acpp/46d2d24b-24e7-483c-8377-5d1054465922
60 Јавни набавки ,АЕК, достапни на: https://e-nabavki.gov.mk/PublicAccess/home.aspx#/dossie-acpp/6ccb594b-b4fc-4004-8c4f-5644fec9699b
61 Јавни набавки ,АЕК, достапни на: https://e-nabavki.gov.mk/PublicAccess/home.aspx#/contracts

| | |
|---|---|
| Транспарентност во јавните набавки | На 12-от состанок, Комисијата на АЕК дала согласност за измена на годишниот план за јавни набавки на АЕК за 2018 година, со објаснување дека станува збор за измена во една точка од годишниот план за јавни набавки и таа се однесува на измена од едногодишна во двогодишна набавка. Сепак, во записникот нема никакви информации и појаснувања за која набавка се прави измената, во кој износ и во која временска рамка.<br>На 15-от состанок, Комисијата повторно дала согласност за измена на годишниот план за јавни набавки на АЕК за 2018 година, и тоа за набавка на клиентска информатичка опрема согласно потребата за дообезбедување финансиски средства. И во овој случај, недостигаат информации за разликата и пропустот во планирањето средства потребни за оваа набавка и договорот со економскиот оператор.<br>Препорачуваме потранспарентно појаснување и детални информации за сите усвоени измени и согласности за измени и дополнувања на јавните набавки. |
| Финансиски извештај за трошоците на директорот | Во претходните извештаи, истражувачкиот тим препорача да се следат заложбите за отворено и транспарентно работење (согласно иницијативата на Владата на РМ за отчетност за трошоците на носителите на јавни функции), но информации за трошоците на директорот на АЕК и натаму не може да се најдат на ниту едно од гласилата на регулаторот. |

## КОМЕНТАРИ/ПРЕПОРАКИ

- Согласно Годишната програма за работата на АЕК за 2019 година и предвидените активности кои се однесуваат на унапредување на интернет-страниците и мобилните апликации на АЕК, препорачуваме стратешки, проактивен и посистемски пристап за обезбедување континуитет во транспарентноста и отчетноста на Агенцијата, со фокус на пристапноста и квалитетот на информациите, појаснување и приближување на работењето на регулаторот до јавноста. Јавноста во работењето може да се унапреди преку зголемена вклученост на засегнатите страни, експертската јавност и граѓанскиот сектор.
- За унапредување на јавноста во работењето, потсетуваме и на веќе искажаната констатација дека е потребно да се пристапи кон подетален опис на јавните набавки на самата интернет-страница. Препорачуваме покомплетни и подетални информации за јавните набавки на АЕК, вклучувајќи ги и одлуките за склучување договори и договорите за јавните набавки.
- Записниците од состаноците на Комисијата, со мали исклучоци, не се доволно транспарентни. Препорачуваме подетално водење на записниците и задржување на претходната добра практика за објавување на сите работни материјали од јавните состаноци.
- Препорачуваме документите кои се објавуваат на интернет-страниците на АЕК да бидат во текстуална форма, а не во скенирана верзија. На ваков начин тие ќе бидат полесно пребарливи и подостапни за јавноста.

# 2. ЕФЕКТИВНОСТ И НЕЗАВИСНОСТ

## ГЕНЕРАЛНА ОЦЕНКА

Во овој квартал, АЕК го продолжи рокот за изградба на антенскиот систем за мониторинг и контрола (за повеќе од две години), и одлучи да достави опомена пред тужба до Јавното сообраќајно претпријатие Скопје (ЈСП Скопје), заради донацијата наменета за Панорамското тркало. Како што е познато, Владата ја запре изградбата на Панорамското тркало, но ЈСП Скопје сè уште не доставило до АЕК никаков финансиски извештај за трошењето на средствата од донацијата. Продолжувањето на рокот за изградба, како и отсуството на каква било информации за донираните средства, ја поткопуваат ефективноста на работата на регулаторот.

## ИЗВЕШТАИ, ПРОЕКТИ И ДОНАЦИИ

| | |
|---|---|
| Квартални извештаи за развојот на пазарот за електронски комуникации | Во овој квартал, АЕК ги објави извештаите за развој на пазарот за електронски комуникации во првиот квартал од 2018 година и за развој на пазарот за електронски комуникации во вториот квартал од 2018 година.[62] Извештаите содржат податоци за соодветните удели на операторите на пазарот на мобилната и фиксната телефонија, интернет пристапот и телевизијата. Објавувањето на извештаите преставува законска обврска на АЕК, а целиот годишен извештај за развојот на пазарот за електронски комуникации (за сите четири квартали) е комплементарен со Годишниот извештај за работата на регулаторот. |
| Антенскиот систем за контрола и мониторинг | На 11-от состанок, Комисијата се согласила за продолжување на рокот за изведба на антенскиот систем за контрола и мониторинг. Комисијата побарала стручните служби прецизно да ги дефинираат роковите и деновите за продолжување на изградбата на антенскиот систем, со ажуриран динамички план.<br>Со ова продолжување, рокот за изградба на антенскиот столб е одложен за повеќе од две години.[63] |
| Донација на ЈСП Скопје за изградба на Панорамското тркало | На 13-от состанок, Комисијата дискутирала за донацијата на Јавното сообраќајно претпријатие Скопје, наменета за изградба на Панорамското тркало во центарот на Скопје. Бидејќи изградбата на Панорамското тркало е стопирана, АЕК неколку пати побарала од ЈСП Скопје информација за трошењето на средствата од донацијата, но досега не добила никаков одговор.<br>Оттаму Комисијата дала согласност да се испрати опомена пред тужба до ЈСП Скопје заради непочитување на договорените обврски. |

## КОМЕНТАРИ/ПРЕПОРАКИ

Во насока на подобрување на ефективноста препорачуваме:

- АЕК јавно да ги објави финансиските извештаи за сите донации што ги доделила во изминатите пет (5) години. Доколку правните лица кои се јавуваат како корисници на донациите сè уште не доставиле извештаи, препорачуваме Агенцијата тоа до го побара од нив и да ги преземе сите соодветни законски мерки. Во изминатите години, процесот на доделување донации не беше отворен и транспарентен и таквата практика не смее да продолжи и во однос на отчетноста за трошењето на средствата од доделените донации.
- АЕК треба да ја почитува новата временска рамка за изградба на антенскиот столб, како и предвидените средства, а јавноста треба да биде редовно и детално информирана за текот на целиот процес.

62 Извештаи за развој на пазарот за електронски комуникации, АЕК, достапни на: https://bit.ly/2FjcrEp
63 Видено на: https://faktor.mk/golemo-odlozuvanje-na-istekot-na-rokot-za-granit-za-telekomunikaciskata-kula-na-vodno

# 3. ПЕРФОРМАНСИ И ИЗВРШУВАЊЕ

## ГЕНЕРАЛНА ОЦЕНКА

Следењето и анализата на перформансот на регулаторот, меѓу другото, се прави и преку годишните програми за работа, финансиските планови и плановите за јавни набавки, како и во однос на човечките и финансиските ресурси потребни за нивна реализација. Капацитетите на регулаторот за исполнување на обврските од законските и подзаконските акти постојат, но тоа не се прави на ефективен и економичен, односно целисходен начин. Она што загрижува во поглед на перформансите на регулаторот се практиките на парцијална транспарентност на информациите за јавноста кои се однесуваат на препораките од засегнатите страни и нивното (не)прифаќање, информациите поврзани со јавните набавки, како и информациите поврзани со ефективното планирање на ресурсите.

| | |
|---|---|
| Годишна програма за работа за 2019 година | Комисијата на АЕК ги усвои Годишната програма за работа и Годишниот финансиски план за 2019 година[64] на 14-от состанок одржан на 6 декември 2018 година.<br>Во записникот од состанокот на Комисијата се посочува дека дел од коментарите на операторите се прифатени, но недостигаат податоци за пристигнатите коментари и за тоа кои препораки се прифатени и додадени во програмата.<br>И во текот на 2019 АЕК ќе се стреми да ги исполни регулаторите цели и начела кои произлегуваат од Законот за електронски комуникации (ЗЕК), особено преку регулација на следната генерација на пристапни мрежи, воведување систем за контрола на параметри за квалитет на фиксни мрежи со кој ќе се надополни и унапреди постојниот систем за мерење на параметрите за квалитет. Дополнително, фокусот ќе биде и на поголема заштита на правата на корисниците, особено на крајните корисници со инвалидитет и посебни социјални потреби, како и зајакнување на стручниот надзор врз операторите од аспект на почитување на законската и подзаконската регулатива.<br>Во 2019 година, АЕК планира да продолжи со реализација на проектот за изградба на антенскиот систем за контрола и мониторинг на радиофреквенции на територијата на Македонија, што е повеќегодишен проект на АЕК.<br>Една од активностите кои се потенцираат во Годишниот план на АЕК за 2019 година е надградба на интернет-страниците и мобилните апликации на АЕК, како и редовно одржување на интернет-страниците и објавување на информации.<br>Во поглед на политиките и менаџирањето со човечките ресурси, АЕК планира ажурирање на податоците за ефективно функционирање на електронскиот систем за управување со човечки ресурси, во насока на поголема прегледност и достапност на информации за сите вработени.<br>Уште една значајна работна задача за АЕК предвидена за 2019 година ќе биде воведувањето политика за управување со отсуствата на вработените. Во објаснувањето на оваа мерка се наведува дека зголемениот број отсуства ги намалува потребните ресурси за квалитетно извршување на работните задачи, доведува до нарушување на континуитетот во извршување на работните задачи и обврски во институцијата.[65] |

## ЧОВЕЧКИ КАПАЦИТЕТИ

| | |
|---|---|
| Вработени во АЕК | Во однос на забележаната разлика меѓу бројот на вработените и систематизацијата на работните места, истражувачкиот тим достави барање за пристап до информации од јавен карактер. Одговор на барањето беше доставен во законски предвидениот рок, и според истиот, бројот на вработени изнесува 135. Во 2018 година се реализирани две нови вработувања. |

64 Годишна програма за работа и Годишен финансиски план на АЕК за 2019 година, достапни на: https://goo.gl/mJbHDq
65 Годишна програма за работа на АЕК за 2019 година, дел: човечки ресурси, достапно на: https://goo.gl/MuLA2y

## ФИНАНСИСКИ КАПАЦИТЕТИ

| | |
|---|---|
| Годишен финансиски план за 2019 година - приходи | Во овој квартал, АЕК го донесе финансискиот план за 2019 година. Вкупните приходи предвидени во Годишниот финансиски план на Агенцијата за 2019 година изнесуваат 478.360.000 денари.<br>Анализата на планираните приходи покажува дека во 2019 година се предвидува да се реализираат помалку средства во споредба со претходните три години, и тоа за 20,5% во однос на 2018 година, 12,3% во однос на 2017 година и за 20% во однос на 2016 година.<br>Според финансискиот план, околу 78% од приходите во 2019 година ќе се инкасираат преку надоместоци за користење на радиофреквенциите (375.000.000 денари). Остатокот од средствата ќе се реализираат преку надоместоци за надзор на пазарот на електронски комуникации (50.810.000 денари) и преку надоместоци за користење на доделените броеви и серии броеви (50.250.000 денари). (Графикон 1: Планирани приходи за 2019 година).<br>АЕК има практика во тековната година да прави измени и дополнувања на финансискиот план, при што во сопствениот буџет ги додава вишоците финансиски средства од претходните години констатирани во завршната сметка. Може да се очекува оваа практика да продолжи и во 2019 година, со што приходите и трошоците би се зголемиле во текот на годината. (Графикон 2: Планирани приходи/расходи по години, изразени во денари) |




Графикон 1: Планирани приходи за 2019 година




Графикон 2: Планирани приходи/расходи по години, изразени во денари

| | |
|---|---|
| Годишен финансиски план за 2019 година - расходи | Вкупните расходи предвидени за 2019 година изнесуваат исто колку и предвидените приходи, и околу 85% од нив се однесуваат на четири расходни ставки:<br>капитални средства, плати, опрема и интелектуални и други услуги.<br>Најголема расходна ставка се платите, во износ од 163.200.000 денари, односно 34% од вкупниот буџет. Забележливо е зголемување на средствата за плати за 20% во споредба со 2018 година.<br>На 15-от состанок на Комисијата било констатирано дека последната одлука за утврдување на висината на основната плата на вработените во АЕК е донесена во јуни 2015 година. Во меѓувреме, просечната месечна нето плата во Република Македонија се зголемила за 9%. Како резултат на тоа, Комисијата донела одлука за зголемување на платите на вработените за 5% со важност од 1 јануари 2019 година.<br>Она што загрижува е аргументацијата за покачувањето на платите, со оглед на фактот дека просечните плати во АЕК уште пред покачувањето беа далеку над националниот просек, кој на крајот на 2018 изнесуваше 24.548 денари и е за скоро 60% помалку од просекот во АЕК.<br>Втора најголема расходна ставка е набавката на опрема за која се предвидени 23% од буџетот (110.658.615 денари). И во оваа ставка е предвидено големо зголемување на трошоците за 53% во споредба со минатата година. Најголем дел од средства, односно 46.035.000 денари ќе се потрошат за информатичка опрема, потоа за систем за регистрирање и нотификација на телекомуникациска терминална опрема, мобилна мрежа, во износ од 34.700.000 денари. За набавка на нови возила ќе се потрошат 20.000.000 денари. |

| | |
|---|---|
| Годишен финансиски план за 2019 година - расходи | По нив следува ставката за комунални услуги и комуникација, во вкупен износ од 59.574.371 денари, односно 12,5% од буџетот (зголемена за 26% во споредба со 2018 година). Околу 58% од средствата во оваа ставка се предвидени за поправка и одржување на софтверска и хардверска опрема.<br>Една од најголемите ставки се однесува на интелектуални и други услуги (57.664.500 денари), односно нешто повеќе од 12% од вкупниот буџет предвиден за 2019 година. Во споредба со 2018 година, и оваа ставка бележи зголемување за 34%. Најголем дел од средствата во оваа ставка е предвиден за други договорни услуги (конференција Hackaton, консултантски услуги, сертификација ISO 27000 стандард за информациска безбедност, итн.), по што следува обука за стручно усовршување, во износ од 16.590.000 денари. Уште еден голем трошок во оваа ставка се договорните услуги за членовите на Комисијата, во висина од 6.000.000 денари, што е за 400.000 денари повеќе во споредба со 2018 година. Со ова зголемување, просечниот бруто месечен надоместок за секој од членовите на Комисијата на АЕК се искачи на 100.000 денари. Според ЗЕК, членовите на Комисијата не се вработени во АЕК и имаат право на месечен надомест во висина од четири просечни плати.<br>Во споредба со претходните години, во буџетот за 2019 година може да се забележат две големи разлики. Првата разлика е во ставката помошти, донации и други давачки каде воопшто не се предвидени никакви средства, додека во ставката капитални средства, каде во претходните години беа предвидени милионски средства за антенскиот столб на Водно, во 2019 година се предвидени само 16.236.514 денари, што е за 90% помалку во споредба со минатата година. (Графикон 3: Планирани расходи за 2019 година). |




Графикон 3: Планирани расходи за 2019 година

| МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА | |
|---|---|
| Меѓународни настани и средби | Директорот на АЕК учествуваше на регионалниот состанок на директорите на националните регулаторни тела надлежни за електронски комуникации од Србија, Црна Гора и Босна и Херцеговина.[66]<br>На состанокот се дискутирало за теми од областа на регионалниот роаминг, цените за меѓународна терминација на повици во мобилни и фиксни електронски комуникациски мрежи, како и регионалната координација во управувањето со радиофрекфенцискиот спектар.<br>Во рамки на состанокот, директорите на Регулаторната агенција за електронски комуникации и поштенски услуги на Република Србија и Агенцијата за електронски комуникации на Република Македонија потпишале протокол за соработка на националните центри за одговор на компјутерски инциденти во Македонија MKD-CIRT и во Србија SRB-CERT.<br>Во изминатиот квартал (октомври-декември 2018 година), вработените од АЕК учествувале на 20 меѓународни настани и средби.[67] |
| Меѓународни и национални обуки | Во изминатиот период (октомври-декември 2018 година), вработените од АЕК учествувале на следниве обуки:<br>- напредна обука за мерење и анализа со софистицирана мерна опрема - скенер за покриеност со GSM/UMT/LTE, Австрија;<br>- обука за мониторинг на радиофреквенции, САД;<br>- обука за заштита на потрошувачите, во организација на Cullen International, Белгија;<br>- систем за управување со квалитет ISO 9001:2015;<br>- вештини на преговарање за остварување взаемен интерес;<br>- унапредување на комуникацијата и градење добри меѓучовечки односи;<br>- испорака на врвна заштита на правата на крајните корисници;<br>- анализа на пазар и регулација на цени. |

66 Регионален состанок во Белград, достапно на: https://www.facebook.com/aecmk/posts/1184777985012219

67 16th International Conference "Regulatory Activity in the Electronic Communications Sector", Црна Гора; "47th Meeting RSPG", Белгија; "36th BEREC Plenary Meetings", Словенија; "8th Annual FIS Mobile Client Meeting-MCM", САД; Roaming/Mobile Expert Working Group of WB NRAs/BEREC, Белгија; Fundamental readiness in cyber defence in the Balkans(FRCDB), Србија; "ICANN" конференција, Шпанија; учество на состанок на Управниот комитет на дигиталниот самит, Србија; учество на конференција PP-18, во организација на ITU-OAE; Audit Service Annual Conference 2018, Белгија; "Western Balkans Roaming Policy Meeting", Белгија; учество на вториот состанок на Форумот за соработка на регулаторните тела за електронски комуникации на БиХ, Црна Гора, Македонија и Србија, Србија; "13th Annual Meeting of the Internet Governance Forum (IGF), Франција; IRG/BEREC Contact Network 4(CN), во Луксембург; учество на состанок на тема „Наука за мир и безбедност",Полска; "Global Cybersecurity", САД; "20th CRC Anniversary", Бугарија.

## КОМЕНТАРИ/ПРЕПОРАКИ

- Позитивен тренд на унапредување на транспарентните практики во перформансот се нотирани во следниве активности планирани во годишниот план на АЕК за 2019 година:
  - надградба на интернет-страниците и мобилните апликации на АЕК, како и редовно одржување за достапност на веб порталите и објава на информации;
  - ажурирање на податоците за ефективно функционирање на електронскиот систем за управување со човечки ресурси, со цел поголема прегледност и достапност на информации за сите вработени.
- Во споредба со претходните години, во буџетот за 2019 година можат да се забележат неколку значајни разлики:
  - Важно е да се нотира дека во буџетот за 2019 ставката за плати ќе се зголеми за дури 20%, додека ставките за интелектуални услуги за дури 34%. Она што загрижува е аргументацијата за покачувањето на платите, со оглед на фактот дека просечните плати во АЕК уште пред покачувањето беа далеку над националниот просек кој на крајот на 2018 изнесуваше 24.548 денари и е за скоро 60% помалку од просекот во АЕК. Вака планираните расходи укажуваат на тоа дека АЕК нема развоен буџет за 2019 година.
  - Во ставката помошти, донации и други давачки воопшто не се предвидени никакви средства, додека во ставката капиталните средства, каде во претходните години беа предвидувани милионски средства за антенскиот столб на Водно, во 2019 година се предвидени само 16.236.514 денари, што е за 90% помалку во споредба со минатата година.
- Исто така, во планот се предвидува и воведување на политика за намалување на отсуството од работа. Ова го отвора прашањето дали потребата од воведување ваква политика укажува дека постојат практики на многубројни неоправдани отсуства кои влијаат врз перформансот на регулаторот.

# 4. ЈАВЕН ИНТЕРЕС

## ГЕНЕРАЛНА ОЦЕНКА

Регулаторот декларира посветеност дека ресурсите со кои располага се насочени кон унапредување на јавниот интерес, но не може да се докаже јасна врска помеѓу јавниот интерес и дистрибуцијата на ресурсите.

Во овој квартал, најголем број граѓани ја користеле алатката за испраќање повици и пораки на бесплатниот број 190 (вкупно 825 реализирани и преслушани повици и пораки), по што следува поднесувањето приговори (во писмена и електронска форма, вкупно 144 поднесени барања). Најмалку користена е алатката „прашања и одговори", со вкупно 56 поставени прашања.

Фокусот на јавниот интерес останува кон регионалната соработка ако таа резултира со подобар пристап до услуги за граѓаните (мобилна телефонија, интернет и др.), како и кон подготовка и промоција на интернет-апликациите и алатките наменети за корисниците.

| | |
|---|---|
| Интернет-апликација за крајни корисници | Во изминатиот квартал беше пуштена интернет-апликацијата (Speedtest.aek.mk) преку која претплатниците и/или крајните корисници можат да вршат самостојни мерења и да ги измерат параметрите за квалитет на интернет-пристапот. Овие мерења се од информативен карактер и можат да послужат за иницирање барање за проверка на квалитетот на интернет пристапот од страна на операторот. Апликацијата е дел од Предлог-правилникот за контрола и мерење на параметрите за квалитет на услугата за интернет пристап преку јавни фиксни мрежи, за кој беше одржан и јавен состанок.[68] Истражувачкиот тим, преку доставеното барање до АЕК за слободен пристап до информации од јавен карактер, доби одговор дека, по пат на електронска аукција, од вкупно осум (8) пријавени економски оператори бил избран економскиот оператор АМЦ Компјутери ДОО Скопје за изработка на оваа веб апликација, за чијшто развој и пуштање во употреба биле потрошени 1.133.469 денари. |
| Приговори од крајните корисници | Преку инструментот за слободен пристап до информации од јавен карактер добивме одговор дека во периодот октомври - декември 2018 година биле поднесени 144 барања за решавање спор, од кои 134 во писмена форма (до Дирекција на АЕК), додека по електронски пат, преку интернет-страницата e-agencija.mk, биле поднесени само 10 приговори. |
| Повици и пораки на бесплатниот број 190 | Во периодот октомври - декември 2018 година, кон бесплатниот број 190 се упатени 468 повици и се преслушани вкупно 357 пораки. |
| Користење на алатката „Прашања и одговори" | Алатката „прашања и одговори" е уште една алтернатива преку која граѓаните можат да постават прашања до АЕК. И во овој случај, преку инструментот за слободен пристап до информации од јавен карактер, добивме одговор дека преку алатката „прашања и одговори" во овој квартал се поставени вкупно 56 прашања. |

68 Јавен состанок за Предлог-правилникот за контрола и мерење на параметрите за квалитет на услугата за интернет пристап преку јавни фиксни мрежи, достапен на: https://goo.gl/18cwxq

| | |
|---|---|
| Слободен деловен простор на АЕК | Според Законот за електронски комуникации, Агенцијата може да се финансира и преку давање под закуп на сопствениот деловен простор.[69] Со тоа што во нејзината дефиниција како дел е наведен и непрофитниот карактер на АЕК, давањето под закуп во голема мера е контрадикторно на дефинираните темели врз кои е поставена и, како таква, е изградена самата Агенција. Според информациите добиени од АЕК, во последниот период слободниот простор со кој располага Агенцијата не се издава и не се склучени договори за закуп на истиот. |
| Број за итни случаи | Сѐ уште не е воведен бројот 112 за итни случаи, и покрај децениската препорака на Европската комисија. |

## КОМЕНТАРИ/ПРЕПОРАКИ

- Предлагаме поголем фокус на корисниците и контрола на услугите што ги добиваат крајните корисници.
- Нотирано е дека бројот на корисници кои искористиле некоја од можностите за информирање или поднесување приговор не покажуваат позначаен тренд на зголемено користење, па оттука предлагаме поголема промоција на интернет-апликациите и можноста претставки да се доставуваат по електронски пат, за што АЕК не предвидела средства во својот финансиски план за 2019 година.

69 Закон за електронски комуникации, достапен на: https://goo.gl/Yw4AkQ